# БИЛТЕН

Октомври, 2023

http://nwow4net-zero.eu

**Проектот NWoW4Net-Zero има за цел да придонесе во постигнувањето на јаглеродна неутралност на ЕУ преку соодветни алатки и обука. Алатките и самата обука се посветени на професионалците за човечки ресурси, преку користење на нови начини на работа и работна организација, кои што произлегуваат од зголемената употреба на дигитални решенија**

Во ова издание

## Лансирање на нашите интерактивни алатки

### HR Лидери

Позиционирање на лидерите за човечки ресурси како главни актери во борбата за постигнување нето нула емисии

### Дигитални Решенија

Користење на дигиталните решенија на работното место во придонесот за јаглеродната неутралност

### Агенти на Промени

Овозможување на професионалците за човечки ресурси да бидат вистинските агенти на промена

### Одржливи Организации

Индиректна поддршка на организациите во еколошката одржливост.



### Станете Носител на Промените!

Возбудлива можност за вас да помогнете во обликувањето на нашиот проект, и да придонесете за одржлива иднина преку NWoW4Net-Zero



### Лансирање на нашите Алатки

Нашите алатки сега се достапни и сега може да се користат за да им помогнеме на HR професионалците да станат агенти на промената



### Средба во Париз и LTA во Скопје

Се одржаа неколку меѓународни состаноци помеѓу партнерите за NWoW4Net-Zero кои многу помогнаа во проектот



# Станете Носител на Промените!

**Дали сте професионалец кои работи на управување на човечките ресурси и сакате да ја водите вашата организација кон јаглеродна неутралност?**

**Ние би сакале да бидете првите кои ќе ги тестираат нашите интерактивни алатки и првите кои ќе разгледаат решенија за одржлива иднина за вашата компанија!**

Проектот NWoW4Net-Zero со задоволство објавува дека бара професионалци кои работат на управување на човечките ресурси за да ги испитаат алатките развиени во проектот. Тестирањето е отворено за секој заинтересиран и можете да се регистрирате овде:

Секоја повратна информација е добредојдена бидејќи не информира за вашите потреби и очекувања и ни помага да обезбедиме квалитетни алатки.

# Лансирање на нашите Алатки

Интерактивните алатки развиени за време на Проектот NWoW4Net-Zero се лансирани и слободно се достапни на нашата веб-страница! Овие алатки обезбедуваат длабоко знаење, рамки и алатки кои ќе ги подготват професионалците кои работат на управување на човечките ресурси да станат носители на промени за да им помогнат на нивните претпријатија да развијат поодржливи практики. Алатките можете да ги најдете на нашата веб-страница: nwow4net-zero.eu

## Три сета на алатки за акција во три области:

### NWoW

Кои начини на хибридизација и организација на работа треба да се воведат за да се придонесе во намалувањето на влијанието на животната средина?

### Мобилност поврзана со работа

Кои решенија за мобилност можат да придонесат во намалувањето на јаглеродниот отпечаток при патувањето на работното место?

### Дигитализација

Како јаглеродниот отпечаток може да биде намален преку одговорно користење на дигиталните технологии на работното место?



# Средба во Париз

Во јуни 2023, C&R организираше средба на партнерите во Париз на кој присуствуваат претставници од сите партнери: СКМ, TalTech, Reference, and PLS.

Состанокот беше продуктивен, а партнерите на Проектот рефлектираа на веќе завршената работа и разговараа за тоа како најдобро да се продолжи со остатокот од Проектот; посебно кога да се организира Проектната обука како и кои рокови да се постават за дигитализација за Резултатите 2, 3 и 4.

Партнерите се согласија да се продолжи со дигитализацијата, а исто така се договорија и пилотот да го опфати повикот, критериумите за избор на учесници и времето на истиот. Беше разговарано за обемот на Обуката планирана за октомври и за тоа како сметаме дека истата придонесува за проектот.

## Learning Training Activity

### Обуката беше оддржана во Скопје во Октомври во организација на СКМ и претставници од TalTech, PLS и C&R.



Средбата и оибуката им овозможи на партнерите и нивните тимови да научат како да го користат материјалот во нивните специфични области, при што материјалот е прилагоден за употреба и од универзитетите и од консултантите.

Активноста им помогна на партнерите да развијат поцелосно разбирање за тоа како развиените алатки, патеките за учење и водичот за учење може да се користат во различен контекст.

За таа цел беа истражени три специфични ситуации.

Прво, употребата на алатките, патеките за учење и водичот за учење во контекст на ВЕТ, со фокус на методите на самоучење и методите за поддршка на учењето на студентите или практичарите на професионалните HR академии.  Беа дискутирани специфични алатки, додека прирачникот за учење беше обновен во овој дел. СКМ со PLS го модерираше овој дел од средбата.

На вториот ден, учесниците ја истражуваа применливоста на алатките и водичот за учење во контекст на управувањето со човечките ресурси, истражувајќи ја употребата на улогата, студиите на случајот и методите за најдобра практика за пренесување на знаењата на студентите кои можеби немаат претходно HR искуство, но се вклучени во студиите на оваа област.TalTech ја моделираше оваа сесија.

На третиот ден, учесниците ги разгледаа и истражија начините на кои водичот за учење и сетовите на алатки може да се користат во консултантски контекст и како истите може да се користат од консултантите за човечки ресурси кога работат на промена на организациската култура во компаниите.

Учесниците се согласија дека сетовите со алатки и водичот за учење може да опфатат и употреба на различни модели за управување со промени во кои индивидуалните патеки на учење поврзани со комплетите со алатки заедно со поддршката од консултантите за човечки ресурси, ќе им овозможат на менаџерите за човечки ресурси да дејствуваат како агенти за промена.

Во истиот ден, учесниците, исто така, ја разгледаа можноста за користење на алатките и водичот за учење за иницирање или поддршка на поголема општествена промена (застапување) која би можела да ги препознае овие трендови во Новите начини на работа како ново статус кво во функционирањето на организациите. C&R и PLS ја модерираа оваа сесија.

# ЗА ПРОЕКТОТ

**Проектот NWoW4Net-Zero има за цел да придонесе во постигнувањето на јаглеродна неутралност на ЕУ преку соодветни алатки и обука. Алатките и самата обука се посветени на професионалците за човечки ресурси, преку користење на нови начини на работа и работна организација, кои што произлегуваат од зголемената употреба на дигитални решенија.**

## ПРОЕКТНИ ПАРТНЕРИ

**Center for Knowledge Management**
North Macedonia

**Pour la Solidarite ASBL**
Belgium

**Tallinna Tehnikaulikool**
Estonia

**Conseil & Recherche**
France

**Htag by Références**
Belgium

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Национална Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност

## ЗАВРШЕНИ АКТИВНОСТИ

Добар напредок е постигнат во однос на Резултатите 1 и 4 од проектот, бидејќи сетовите со алатки се финализирани и дигитализирани.

Развивме и патеки за учење (резултат 2) кои можат да се користат за индивидуално учење.

Импакт методологијата на проектот, исто така, беше работена и финализирана (Резултат 3), за дополнително да се објасни рационалноста зад алатките што ги обезбедува овој проект.

## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Доаѓаме до крајот на проектот, а сега наш прв приоритет е пилот-тестирањето за алатките, за да се провери нивната употреба и применливост - професионалците за човечки ресурси да сстанат агенти на промени.

Во ноември, во соработка со Brainster.co, организираме и хакатон за да го подобриме визуелниот квалитет на нашите дигитални алатки и патеки за учење.

Исто така, организираме мултипликативни настани во земјите партнери во јануари и февруари, 2024 за да го рашириме гласот за NWoW4Net-Zero.

Конечно, на 14-ти февруари 2024 година, одржуваме голема Меѓународна конференција во Брисел, Белгија. Спасете го датумот и со нетрпение очекуваме да ве видиме!